# Дневна хемеротека за *21.03.2016г.*

## МИА - *Промовиранини видеа за зачувување на природата во Македонија*

ПОНЕДЕЛНИК, 21 МАРТ 2016, 10:32:35

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

matématика

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Промовирани видеа за зачувување на природата во Македонија (видео)

### Промовирани видеа за зачувување на природата во Македонија (видео)

Препорачај 0

петок, 18 март 2016 15:21



**Скопје, 18 март 2016 (МИА)** - Презентирани три промотивни видеа за подигнување на јавната свест за зачувување на природата и запознавање на различните заинтересирани страни, изработени во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија.

На промоцијата во киното Фросина, министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири изрази благодарност до Швајцарија за поддршката на нашата држава, пред се на Министерството во делот на изготвување стратешки развојни документи, особено во Источниот плански регион и во напорите за заштита и зачувување на природните вредности и сливното подрачје на реката Брегалница.

- Заштитата и зачувувањето на природното наследство како една од приоритетните цели на Министерството бара и спроведување на активности за подигнување на јавната свест за заштита на природата и промоција на природното наследство пред пошироката домашна и меѓународна јавност. Оттаму ги поздравувам напорите во рамките на програмата да се

промовира природното наследство во Источниот плански регион преку трите видеа, истакна Изаири.

Тој изрази надеж дека со презентирањето на природното наследство и запознавање и информирање на јавноста за природните вредности кои ги поседува нашата држава ќе влијаеме кон менување на навиките на локалното население кон развивање одговорен однос кон природното наследство засновано на обезбедување одржлив развој и поширока промоција на националното природно богатство.

Швајцарската амбасадорка во Македонија Сибил Сутер Техада изрази задоволство од резултатите постигнати од спроведувањето на програмата во 2015 година.

- Источниот дел од земјата, поточно речниот слив на реката Брегалница е препознатлив по својата биолошка разновидност и богатството со природни ресурси. Поради тоа Швајцарската агенција за развој и соработка во 2012 година одлучи да ја спроведе програмата за зачувување на природата во овој регион со крајна цел да придонесе за подобар живот на локалните жители преку ефикасна заштита на природата и одржливо користење на природните ресурси, истакна Сибил Сутер Техада.

Националниот тим лидер на програмата Марјана Шушлевска, рече дека таа промовира холистички пристап во спроведувањето на активностите и е насочена на национално, регионално и локално ниво со посебен фокус кон сливот на река Брегалница и Источниот плански регион, како идеја има за цел да и помогне на Македонија да ја зачува биолошката разновидност и природните екосистеми преку нивно одржливо управување и користење.

Видеото „Чекор понапред во зачувувањето на природата во Македонија" дава ретроспектива на реализираните активности на Програмскиот тим за координација и партнерите, преку интегрирање на сите различни аспекти кои влијаат на зачувувањето на природните вредности и промоција на различните пристапи кон одржливо користење на природните ресурси.

## Идивиди - *Презентирани промотивни видеа за зачувување на природата во Македонија*

Скопје, 18 март 2016 (МИА) - Презентирани три промотивни видеа за подигнување на јавната свест за зачувување на природата и запознавање на различните заинтересирани страни, изработени во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија.

## Press24 - *Презентирани промотивни видеа за зачувување на природата во Македонија*

Презентирани три промотивни видеа за подигнување на јавната свест за зачувување на природата и запознавање на различните заинтересирани страни, изработени во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија.

## Сител - *Презентирани промотивни видеа за зачувување на природата во Македонија*

Презентирани три промотивни видеа за подигнување на јавната свест за зачувување на природата и запознавање на различните заинтересирани страни, изработени во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија.

## Tetova Sot - [U promovuan videot e Programit për ruajtjen e natyrës në Maqedoni]

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# U prezantuan videot promovuese për ruajtjen e natyrës në Maqedoni (VIDEO)



in Maqedoni 18/03/2016

U prezantuan tre video promovuese për ngritjen e vetëdijes publike për ruajtjen e natyrës dhe njohjen e palëve të ndryshme të interesuara, të përpunuara në kuadër të Programit për ruajtjen e natyrës në Maqedoni.

Në promovimin në kinemanë Frosina, minsitri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Nurhan Izairi i shprehi falënderim Zvicrës për mbështetjen ndaj vendit tonë, para së gjithash Ministrisë, në pjesën e përgatitjes së dokumenteve strategjike, posaçërisht në Rajonin planor lindor dhe në përpjekjet për mbrojtje dhe ruajtje të vlerave natyrore dhe rajonit ujëmbledhës të lumit Bregallnicë.

"Rurjtja dhe mbrojtja e trashëgimisë natyrore si një nga qëllimet prioritare të Minsitrisë kërkon edhe zbatim të aktiviteteve për ngritjen e vetëdijes publike për mbrojtjen e natyrës dhe promovim të trashëgimisë natyrore para opinionit më të gjerë vendor dhe ndërkombëtar. Për këtë arsye i përshëndes përpjekjet në kuadër të programit që të promovohet trashëgimia natyrore në Rajonin planor lindor përmes tre videove", theksoi Izairi.

Ai shfaqi shpresë se me prezantimin e trashëgimisë natyrore dhe njohjen dhe informimin e opinionit për vlerat natyrore të cilat i posedon vendi ynë do të ndikojmë drejt ndryshimit të shprehive të popullatës lokale drejt zhvillimit të raportit përgjegjës ndaj trashëgimisë natyrore bazuar në sigurimin e zhvillimit të që[ndrueshëm dhe promovim më të gjerë të pasurisë nacionale natyrore.

Ambasadorja në Maqedoni, Sibil Suter Tehada shprehi kënaqësi nga rezultatet e arritura nga zbatimi i programit në vitin 2015.

"Pjesa lindore e vendit, më saktë rajoni ujëmbledhës i lumit Bregallnicë është i njohur për llojllojshmërinë e vbet biologjike dhe pasurinë me resurse natyrore. Për këtë arsye, Agjencia zvicerane për zhvillim dhe bashkëpunim në vitin 2012 vendosi ta zbatojë programin për ruajtjen e natyrës në këtë rajon me qëllim të funsit të kontribuojë për jetë më të mirë të banorëve lokal përmes mbrojtjes efikase të natyrës dhe shfrytëzimit të qëndrueshëm të resurseve natyrore", theksoi Sibil Suter Tehada.

Liderja e ekipit nacionaë të programit, Marjana Shushlevska tha se ajo promnovon program holistik në zbatimin e aktiviteteve dhe është kahëzuar në nivel nacional, rajonal dhe lokal me fokus të veçantë drejt ujëmbledhësit të lumit Bregallnicë dhe Rajonit planor lindor, si ide ka për qëllim t'i ndihmojëç Maqedonisë ta ruajë llojllojshmërinë biologjike dhe ekosistemet natyrore përmes menaxhimit dhe shfrytëzimit të tyre të qëndrueshëm.

Videoja "Një hap më përpara në ruajtjen e natyrës në Maqedoni" jep retrospektivë të aktiviteteve të realizuara të Ekipit programor për koordinim dhe partnerëve, përmes integrimit të të gjitha aspekteve të ndryshme të cilat ndikojnë në ruajtjen e vlerave natyrore dhe promovim i qasjeve të ndryshme drejt shfrytëzimit të qëndrueshëm të resurseve natyrore.



Videoja "Drejt menaxhimit të qëndrueshëm me pyjet" është video e cila e kthen vëmendjen ndaj pyjeve – një nga resurset më të rëndësishme natyrore që i ka Rajoni i Bregallnicës dhe jep një qasje tjetër për shfrytëzimin e tyre të qëndrueshëm, me theks të vlerave të ekosistemeve të pyjeve, e jo vetëm të vlerës ekonomike nga eksploatimi i tyre.




Videoja "Llojllojshmëpria biologjike në ujëmbledhësin e lumit Bregallnicë për herë të aprë e prezanton pasurinë e madhe të llojeve të ndryshme të bimëve dhe kafshëve, si dhe llojllojshmërinë e diversitetit në Ujëmbledhësin e Bregallnicës, si rezultat i qasjes gjithjpërfshirëse në Analizën për mangësi në të dhënat ekologjike dhe përpunimin e hartës ekologjike të sensitivitetit për Ujëmbledhësin e Bregallnicës, që u realizuan në kuadër të Programit.

Programi për ruajtjen e natyrës në Maqedoni është projekt i Agjencisë zvicerane për zhvillim dhe bashkëpunim, koordinuar nga "Helvetas Svis Interkorporejshën" dhe "Farmahem" nga Shkupi ndihmon në realizimin e kërkesave të NATURA 2000, një nga parakushtet për anëtarësim në BE.

Qendra për zhvillim të Rajonit planor lindor është partnere strategjike e Programit, ndërsa realizimi i aktiviteteve programore është në partneritet me Minsitrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, komunat të cilat gravitojnë drejt Ujëmbledhësit të Bregallnicës, Agjencisë për planifikim të hapësirës, Minsitrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave dhe Fakultetit të Pylltarisë në Shkup.

## Вечер - [Шар Планина да биде прогласена за национален парк]



ИНИЦИЈАТИВА НА ЛОКАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ

# Шар Планина да биде прогласена за национален парк

**Ова е резултат од спроведеното истражување за утврдување на свесноста на населението во однос на прашањата поврзани со идното прогласување на Шар Планина за национален парк што Македонско еколошко друштво и платформата „Пријатели на Шара" го спроведоа во август и септември 2015 година.**



Од локалното население кое живее во општините долж Шар Планина 83 отсто сака планината да биде прогласена за национален парк. Ова е резултат од спроведеното истражување за утврдување на свесноста на населението во однос на прашањата поврзани со идното прогласување на Шар Планина за национален парк што Македонско еколошко друштво и платформата „Пријатели на Шара" го спроведоа во август и септември 2015 година.

> - Резултатите од ова истражување се навистина позитивни, конечно знаеме какво е мислењето на локалното население во однос на прогласувањето на Шар Планина за национален парк во руралните и урбаните средини во овој регион. Анализата на податоците покажа дека луѓето сметаат оти со идното заштитено подрачје не само што ќе се воведе поголема контрола врз ресурсите на планината, туку и дека тоа ќе

донесе позитивни промени во однос на развојот на регионот изјави раководителката на проект во Македонско еколошко друштво Фросина Пандурска-Драмиќанин.

Истражувањето било спроведено во триесеттина населени места во општините Јегуновце, Теарце, Тетово, Гостивар, Боговиње и Врапчиште на репрезентативен примерок од 410 испитаници на возраст од 18-60 години.

Според членовите на платформата „Пријателите на Шара" ова истражување потврди и еден од поголемите проблеми во однос на ресурсите на планината а тоа е илегалната сеча.

> - Во повеќе од прашањата, луѓето одговараа со загриженост во однос на користењето на шумите на Шар Планина. Според истражувањето дури 63 отсто од испитаниците сметаат дека дрвата на Шара се користат прекумерно. А, ставот дека генерално природата на планината не е заштитена е изнесен од 79 отсто од испитаниците, изјави Александра Тимосиеска од Институтот за развој на заедницата од Тетово.

За организаторите ова е навистина позитивен резултат, бидејќи при разни претходни активности месното население пред се од неинформираност не ја подржуваше во голема мера оваа иницијатива.

> - Првично мислење било дека ако тоа се прогласи луѓето ќе немаат право воопшто дури ни да пешачат таму. Ваквите платформи и низата активности што цело време се случуваат во регионот можеби влијаеле и сега луѓето мислат дека со тоа што ќе се прогласи ќе се заштити, а бенефит ќе имаат самите луѓе и нема да биде нешто што ќе биде наметнато од државата, туку самите ќе менаџираат во тој дел, рече Метин Муареми од Центарот за образование и развој од Теарце.

Скоро сите испитаници одговориле дека Шар Планина има потенцијал за развој на туризмот, како фаворити се наведени зимскиот туризам 83 проценти, планинскиот туризам 80 и рекративниот и спортски туризам кој е наведен од 71 процент од испитаниците. Иако ставот на населението е позитивен за Шар Планина да стане национален парк информираноста за процесот околу нејзиното прогласување е ниска. На прашањето – Дали сте слушнале дека Шар Планина е предложена за заштитено подрачје? негативно одговориле дури 61 отсто.
Ова истражување е активност на проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одржливо управување на ресурсите на Шар Планина", спроведуван од Македонско еколошко друштво и финансиран од Германската федерална агенција за животна средина ДБУ. Целта на овој проект е активно вклучување на локалните чинители во иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк и лобирање на локално и национално ниво.

## Сител - *Шар Планина да се прогласи за национален парк, бараат екологистите*

Луѓето кои живеат во селата на Шар Планина покажуваат се поголем позитивен приод кон идејата овој масив да биде прогласен за национален парк, покажуваат анкетите на здруженијата кои се занимаваат со животната средина.

## МК News - *Шар Планина да се прогласи за национален парк, бараат екологистите*

Луѓето кои живеат во селата на Шар Планина покажуваат се поголем позитивен приод кон идејата овој масив да биде прогласен за национален парк, покажуваат анкетите на здруженијата кои се занимаваат со животната средина.

## Локално - *Екологистите бараат Шар Планина да биде прогласена за национален парк*

83 % од локалното население кое живее во општините кои гравитираат на Шар Планина, смета дека ова планинско подрачје треба да биде прогласено за Национален парк, јавува

## Фактор - *Шар Планина има потенцијал за национален парк*

Од граѓаните кои живеат близу Шар Планина, 83% сметаат дека овој предел треба да биде прогласен за национален парк. Вака се изјасниле 410 испитаници од 30 населени места. Истражувањето спроведено од платформата Пријателите на Шара, ќе бидат ...

## Сител - *Локалното население сака Шар Планина да биде прогласена за национален парк*

Од локалното население кое живее во општините долж Шар Планина 83 отсто сака планината да биде прогласена за национален парк. Ова е резултат од спроведеното

## Денар - *Локалното население сака Шар Планина да биде национален парк*

Дури 83 отсто од локалното население коешто живее во општините долж Шар Планина сака планината да биде прогласена за национален парк, покажа истражувањето за утврдување на свесноста на населението во однос на прашањата поврзани со идното ...

## Вест - *Локалното население сака Шар Планина да биде прогласена за национален парк*

Од локалното население кое живее во општините долж Шар Планина 83 отсто сака планината да биде прогласена за национален парк. Ова е резултат од спроведеното

**Точка - *Моќни видеа од Часот на планетата земја во Македонија го обиколија светот!***

TOCKA.COM.MK
News and Entertainment

# Моќни видеа од Часот на планетата земја во Македонија го обиколија светот!



21.03.2016 | 09:49

Извор: Точка

Прочитано: 669 пати

Испрати на пријател

Зголеми го фонтот

Намали го фонтот

Ми се допаѓа Сподели 2

**Големото одбележување на Часот на планетата Земја во Македонија стана хит низ целиот свет!**

Глобалната организација на Часот на планетата Земја објави специјално видео во кое е објавен видео инсерт од исклучувањето на осветлувањето на Археолошкиот музеј во Скопје.



Исто така, беше направена и посебна видео компилација за акцијата во Македонија со инсерти од централната манифестација во Скопје, каква што само добија и Шпанија, Франција, Сингапур, Велика Британија, но и Македонија.




- Македонија вчеравечер покажа дека ја има моќта да направи промена. Над 66 локации потонаа во мрак за Часот на планетата Земја. Во нашиот медиа центар пристигнаа над 3000 фотографии и видеа од одбележувањето на Часот на планетата Земја низ целата Република и сме навистина среќни што охрабривме толку голем број на луѓе да ги исклучат светилките во своите домови! Ова немаше да биде успешно без поддршката на Градот Скопје, Црвениот крст на Република Македонија, УНДП Македонија и ЕВН – изјави вчера Ѓорги Селков, главен организатор на акцијата во Македонија.

# За Часот на планетата Земја

Часот на планетата Земја е глобално еколошко движење креирано од WWF, а поддржано од UN. Како една од првите кампањи креирана од луѓето за луѓето, Часот на планетата Земја прерасна во симболичен настан кој се одбележува во многу градови и земји, поддржан од индивидуалци, бизниси, организации и влади, со цел да се подигне еколошката свест кај граѓаните.



## Порта 3 - *Љубљана во семејството на зелените престолнини*

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

### Љубљана во семејството на зелените престолнини

Like 0 Share 0 Tweet G+1 0 Pin it

Европа има многу еколошки предизвици со кои се соочува. Токму затоа, Европската комисија од поодамна ја препозна важноста на локалните власти при подобрување на животната средина како и нивното високо ниво на одговорност. The European Green Capital Award претставува иницијатива за промовирање и наградување на овие напори.

Наградата се доделува на град кој има постојан пораст при постигнување високи еколошки стандарди, град кој е посветен кон тековни и амбициозни цели за понатамошно подобрување на животната средина и одржлив развој.



Оваа година, наградата заслужено оди во Љубљана, која се приклучува на семејството на зелени престолнини: Стокхолм, Хамбург, Виторија (Гастејс) Нант, Копенхаген и Бристол, кои служат како инспиративен пример дека градовите можат да бидат двигатели за промена на животната средина.

Љубљана од минатото е град на автомобили, а денес сè повеќе се става акцент на јавниот превоз, пешачките зони и велосипедските патеки. Станува збор за промена која се случи за помалку од 10

години. Промената се должи на големи напори и иницијативи, како проектот за реката Љубљаница, кој во 2012 година ја доби европската награда за урбан јавен простор и победи на натпреварот меѓу 347 поднесени проекти од 36 земји.



Со целосното реновирање на насипите на мостовите на реката и изградба на нови пешачки мостови, реката стана „зелено" социјално јадро. Денес, главниот град на Словенија може да се пофали со огромна област на зелени површини (542 м2 по жител). Исто така, Љубљана ја спроведува и стратегијата за поттикнување на граѓански иницијативи и заложби. Една од тие иницијативи е градинарството.

Иако главната цел е одгледување зеленчук за сопствена потрошувачка и самодоволност, тоа претставува и начин на дружење, забава и рекреација, но и подобрување на односот на луѓето кон животната средина. За градинарство се наменети 46 хектари земјиште во 23 области, а жителите на Љубљана имаат можност за изнајмување на градина односно парцела на општинско земјиште.

Меѓу најважните промени во последната деценија, е воведување еколошки зони во центарот на градот, затворени за моторен сообраќај. Преземените мерки вкучуваат изградба на подземни гаражи, поттик за користење на јавен превоз, како и создавање на голема мрежа на велосипедски патеки.




Љубљана се одликува со софистициран систем на управување со отпадот. Стратегија за „нула отпад" (Zero Waste Strategy) е стратегија по пример на природата која не познава отпад, односно сè се рециклира во кружен тек на материја и енергија. Целта е да се создадат услови во кои сè што произведуваме и трошиме да има минимално влијание врз околината. Со својата напредна стратегија за „нула отпад", Љубљана е прв европски град со „нула отпад" со значаен придонес на транзицијата на Европа кон подобра циркуларна економија.

Доколку Стокхолм звучи нереално и далеку од нас, Љубљана е многу блиску, и покажува дека всушност грижата за животната средина во урбана област е можна и остварлива. Љубљана е пример дека реални и подобри резултати се создаваат најпрво со надградба на инфраструктурата, а потоа преку поттикнување и интензивна комуникација односно соработка со граѓаните, практика која веќе докажано обезбедува одлични резултати.



**Скопје**

За разлика од Љубљана, во главниот град на Македонија (истото се однесува и за останатите градови), се усвојуваат едноставни и брзо спроведливи решенија, без промена на свеста и однесувањето на граѓаните. Една софистицирана стратегија подразбира ангажман на сите поединци во соработка со градските власти, наместо префрлување на вината од една на друга страна. Ние сме сведоци дека најлесно справување со отпадот е тој да се отстрани, затрупа и запали, без оглед на догорочните последици од немарното однесување. Од неодамна, во Скопје се создаде мала логистика со неколку еко точки и мал број на канти за различни видови на отпад, но оваа иницијатива е далеку од доволна. Потребно е да се развие систем кој морално и финансиски ќе ги стимулира одговорните граѓани коишто прават малку отпад и да ги казни неодговорните. Во споредба со Љубљана, која гради подземни гаражи со цел да ги зачува парковите, во Скопје зелените површини сè повеќе се уништуваат, додека проблемот со паркирањето во центалното градско подрачје се решава со градење на катни гаражи. Иако Скопје има идеални услови за велосипедски патеки, сè уште предност имаат автомобилите.

***Пишува: Марина Верушеска***

**Exclusive.mk - *Леонардо Ди Каприо ќе донира вртоглава сума на милиони за заштита на океанот во Сејшели! (ФОТО)***

EXC
LUS
IVE

# Леонардо Ди Каприо ќе донира вртоглава сума на милиони за заштита на океанот во Сејшели! (ФОТО)



Холивудската ѕвезда и голем поборник за заштита на животната средина, Леонардо Ди Каприо, донираше 1 милион долари за заштита на океанот на територијата на африканската островска држава, Сејшели.

Ди Каприо преку својата фондација со оваа донација ќе го подржи проектот на Владата на Сејшели за заштита на океанот во оваа држава, која се состои од 115 острови на Индискиот океан.